Бр./Nr 12-2094/2

27-07-2026 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), членот 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 36-та седница одржана на 20.07.2026 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

Пријавата со број 12-2094/1 од 01.06.2026 година, со наводи за сомневање за нетранспарентно и неосновано доделување на станови и деловни објекти, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување во предметниот случај, од причина што пријавените наводи се однесуваат на прашања за кои други органи се надлежни да постапуваат.

Предметот со број 12-2094/1 од 01.06.2026 година да се архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК, во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на познат подносител, на ден 01.06.2026 година доставена е пријава заведена под број 12-2094/1, во која се изнесени наводи за нетранспарентно и неосновано доделување на станови и деловни објекти со кои стопанисува АД ----, како и сомневања по однос на постапувањето на други надлежни институции.

При разгледувањето на пријавата, ДКСК констатира дека истата нема јасни наводи или укажувања за незаконити или недозволиви дејствија на службените лица при вршењето на јавните овластувања и службената должност а пријавените дејствија не се дејствија кои би можеле да бидат предмет на испитување во рамките на надлежностите на ДКСК согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Имајќи го предвид наведеното, ДКСК утврди дека пријавените наводи не се однесуваат на активности опфатени со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и дека истите се однесуваат на прашања за кои други органи се надлежни да постапуваат, по што оцени дека нема елементи за нејзино надлежно постапување за случајот и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател,**

**Адем Чучуљ**

Изготвил: м-р Ф.О., советник
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор